**20261381996**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став, 1 алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25 и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 8-та седница за 2026 година, одржана на 27.5.2026 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОТСТАПУВАЊЕ КОНФИСКУВАН ИМОТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНА РЕУПОТРЕБА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на отстапување на конфискуван имот и одземени предмети за социјална реупотреба, согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25.

Член 2

Социјалната реупотреба претставува отстапување на конфискуван имот и одземени предмети на користење на државни органи, како и здруженијата и фондациите од социјален карактер.

Член 3

Конфискуван имот и одземени предмети можат да се отстапат за социјална реупотреба доколку е погоден за употреба и доколку не е потребен за други постапки.

Член 4

Одлука за отстапување на конфискуваниот имот и одземените предмети за социјална реупотреба донесува Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

Член 5

Барање за отстапување на конфискуван имот и одземени предмети за социјална реупотреба можат да поднесат државни органи, како и здруженијата и фондациите од социјален карактер.

Во барањето задолжително се наведува целта на користење, периодот на користење и опис на потребниот имот.

Член 6

Агенцијата врши проверка на исполнетоста на условите и ја утврдува соодветноста на барањето.

Агенцијата врши проценка дали конфискуваниот имот и одземените предмети се соодветни за отстапување и ја проверува нивната состојба.

Член 7

Конфискуваниот имот и одземените предмети се отстапуваат без надомест, освен ако со посебна одлука не е поинаку определено.

Член 8

Државните органи, здруженијата и фондациите се должни да го користат конфискуваниот имот и одземени предмети исклучиво за намената наведена во барањето и да го одржуваат во исправна состојба.

Член 9

Државните органи здруженија и фондации немаат право конфискуваниот имот и одземени предмети, да ги отстапат на други државни органи и институции.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата.

Бр. 02-2558/1
27 мај 2026 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.